Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

Број 03-1465/3
02 -12- 2020 .2020 година

Врз основа на член 49 став 1, а во врска со член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), член 75 став 4 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ” бр.24/19), Правилникот за формата, содржината како и за начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на РМ“, бр.64/19) и Уредбата за заедничкиот поимник за јавни набавки („Службен весник на РМ“, бр.15/20), министерот за финансии донесува

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2020 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Во Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Министерството за финансии, заведен под бр.03-1465/1 од 28.01.2020 година и Измената и дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Министерството за финансии, заведена под бр.03-1465/3 од 08.10.2020 година, се врши следното дополнување и изменување:

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

1. Во глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, после точката 30 се додаваат две нови точки 31 и 32 кои гласат:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 31 | Дополнителна опрема за видеоконференција со имплементација | 32232000-8 | стоки | Поедноставена отворена постапка | 1.200.000,00 | декември | |
| 32 | Хардверска надградба на сервери | 48800000-6 | стоки | Набавка од мала вредност | 600.000,00 | декември | |

2. Во глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, се врши измена во точка 18, колона 5, зборовите „Поедноставена отворена постапка“ се заменуваат со зборовите „Набавка од мала вредност“, во колона 6, Проценетата вредност „2.500.000,00“ се заменува со „600.000,00“ и во колона 7 зборот „септември“ се заменува со зборот „декември“.

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

3. Во глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, после точката 68 се додава нова точка 69 која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 69 | Дезинфекција на зградата на Министерството за финансии | 90921000-9 | услуги | Набавка од мала вредност | 600.000,00 | декември | |

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Изработил: Панче Чоневски/Петрина Мале
Провериле: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Согласен: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
Одобрил: м-р Јулијана Петановска

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Со оваа измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Министерството за финансии се врши следното дополнување и измена:

- Во глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, после точката 30 се додаваат две нови точки 31 и 32 кои гласат:
  31. Дополнителна опрема за видеоконференција со имплементација; и
  32. Хардверска надградба на сервери

- Во глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, се врши измена во точка 18, колона 5, зборовите „Поедноставена отворена постапка" се заменуваат со зборовите „Набавка од мала вредност", во колона 6, Проценетата вредност „2.500.000,00" се заменува со „600.000,00" и во колона 7 зборот „септември" се заменува со зборот „декември".

- Во глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, после точката 68 се додава нова точка 69 која гласи: Дезинфекција на зградата на Министерството за финансии.

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

Измената и дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Министерството за финансии се врши од следниве причини:

Од страна на Одделението за следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии доставено е барање по е-маил во кое е наведено дека потребно е да се изврши набавка на Дополнителна опрема за видеоконференција со имплементација, со проценета вредност од 1.200.000,00 денари.

Постапката е потребна заради надградба на постоечката БМС опрема, а се со цел обезбедување на видеоконференциска врска и онлајн состаноци на министерот и вработените во Министерството за финансии со надворешни соработници и организации.

Имајќи предвид дека хардверските можности на серверите се доведувани до максимална искористеност со досегашните инсталирани системи, набавката на хардверска надградба на сервери е потребна за да се овозможува инсталација и имплементација на нов систем (Exchange server) во серверите на Министерството за финансии.

Истата е побарана од Секторот за информатика за што е доставено барање по е-маил, со проценета вредност од 600.000,00 денари.

Измената во постапката од точка 18 исто така се врши по барање на Секторот за информатика, по што за досегашната предвидена поедноставена постапка со проценета вредност од 2.500.000,00 денари, со очекуван почеток во септември, се врши измена за што потребно е да се спроведе постапка за набавка од мала вредност со проценета вредност од 600.000,00 денари, со очекуван почеток во декември.

Набавката за Дезинфекција на зградата на Министерството за финансии е потребна заради заштита на вработените од Коронавирусот-Covid 19, пандемија од вирус која го зафати целиот свет во овој период, а се појави и кај дел од вработените во Министерството за финансии.

Согласно горенаведеното се предлага донесување на Измената и дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Министерството за финансии.

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.